Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-481/3
19 10 2018 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 19.10.2018 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А
## за усвојување на Деветмесечниот Извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 год

### *Член 1*

Предмет на оваа Одлука усвојување на Деветмесечниот извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 год.

### *Член 2*

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје заради добивање на согласност и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

### *Член 3*

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 19.10.2018 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Марија Георгиевска

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр./Nr. 02-481/3
19 10 2018 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ИЗВЕШТАЈ
За работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје
за перид 01.01-30.09.2018 година

## 1.ВОВЕД

Во периодот 01.01-30.09.2018 година ЈП Градски Паркинг,Скопје остварува позитивен финансиски резултат – добивка на износ 19.322.160,00 денари.
Приходите заклучно 30.09.2018 год. изнесуваат 146.269.582,00 денари.
Расходите се на износ 126.947.422,00 ден.
Составен дел на извештајот е билансот на успех и билансот на состојба.

## 2. БИЛАНС НА УСПЕХ

### ПРИХОДИ

Во третиот квартал од годината јавното претпријатие реализира приходи во вкупен износ од 146.269.582,00 денари.Во споредба со минатата година кога приходите изнесувале 139.181.110,00 денари , истите се зголемени за 7.088.472,00 денари.

Реализирани се приходи по следните основи:

- Сектор јавни паркиралишта 109.489.378,00 ден.
- Сектор пајак 18.388.289,00 ден.
- Приходи од продажба на расход 4.503,00 ден.
- Останати приходи 18.171.425,00 ден.
- Финансиски приходи 215.987,00 ден.

**Приходи од сектор јавни паркиралишта**

Во рамките на Секторот јавни паркиралишта реализирани се приходи на износ 109.489.378,00 денари што е за 6.878.502,00 денари повеќе во споредба со истиот период од минатa година кога биле реализирани приходи во висина од 102.610.876,00 денари.

Во рамките на затворените паркиралишта реализирани се приходи во висина од 38.312.616,00 денари. Речиси кај сите јавни паркиралишта од затворен тип бележиме зголемување на приходите во споредба со минатата година.
Исклучок е паркингот 8-ми септември кој има реализирано помали приходи заради прекин во работењето во периодот 09.03.2018-31.05.2018 година.Со обновување на договорот со „ЈЗУ Градска општа болница 8-ми септември" со кого се стопанисува овој паркинг , истот од 01.06.2018 година продолжи со работење.

Кај зонското паркирање реализирани се приходи во висина од 59.609.525,00 денари.Пораст на приходите бележиме особено кај смс паркирањето како и кај издавање на доплатни карти.
Во рамките на зонското паркирање бележиме незначително зголемување на приходите и по основ на продажба на греб картички додека пак приходите од претплати за зонско паркирање се помали како резултат на намалениот број претплатници на услугата за зонско паркирање.

Потсетуваме дека кај зонското паркирање ( како и кај затворените јавни паркиралишта ) станарите во централното градско подрачје се ослободени од плаќање на услугата за прво возило додека пак станарите во општина Аердором се целосно ослободени од претплата за паркирање.
Нови зони со кои се стопанисува во текот на 2018 година се зона А0 и А02 односно паркинзите на Средно Водно и кај црквата Св.Пантелејмон.

Катната гаража Тодор Александров реализирала приходи во висина од 7.606.593,00 денари додека пак катната гаража Македонска фаланга бележи приходи на износ од 3.960.644,00 денари. Во споредба со минатата година кога се реализирани приходи вовкупен износ од 7.969.041,00 денари односно 3.544.648,00 денари за Македонска фаланга при компарација на показателите може да се заклучи дека катната гаража Тодор Александров бележи пад на приходот .Меѓутоа треба да се истакне дека поголемите приходи од минатата година се резултат на акумулирани обврски по договор за закуп кои се исплатени збирно во текот на минатата година. Всушност анализата на приходите од стопанисување со двете катни гаражи покажува зголемен приход кај истите како по основ на дневен промет така и по основ на претплати за паркирање.
Катната гаража Тодор Александров располага со поголем број претплатници како и корисници на услугата паркирање пред се заради својата местоположба односно локација која е во строгиот центар на градот.

**Приходи од Сектор Пајак**

Вкупно остварен нето приход во пајак сектор изнесува 18.388.289,00 ден.и е поголем во спредба со минатата година за 2.535.966,00 денари. Заклучно месец септември подигнати и наплатени се вкупно 10.754 возила.Во истиот период од минатата година резализиран е приход на износ 15.852.323,00 денари односно наплатени се 8.881 возила.
Сметаме дека како резултат на зголемената соработка со МВР , работата во сектор пајак е подобрена и остварени се поголеми приходи. Други услови кои влијаат врз работењето на овој сектор се техничката исправност на специјалните возила која мора да истакнеме дека е подобрена со обновување на возниот парк во овој сектор.
Во овој квартал од годината набавени се две нови специјални возила и тоа едно специјално пајак возило и едно шлеп возило. Исто така нашето јавно претпријатие донираше три специјални пајак возила на ЈП Куманово паркинг од Куманово, на Општина Охрид и ЈП Стипион 2011 – Штип.

**ПРИХОДИ ОД ВЕЛОСИПЕДИ,ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРОМОБИЛИ**

Во извештајниот период не бележиме приходи по основ издавање велосипеди, електровелосипеди, елктромобили.

**ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА РАСХОД**

Како резулатт на продажба на расходот по пописот од 2017 година остварен е приход на износ 4.503,00 денари.

**ОСТАНАТИ ПРИХОДИ**

Износот на останати приходи е 18.171.425,00 ден.Иститe произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 192.311,00 ; приходи од парични субвенции 15.000.000,00, субвенции во опрема како и донации дадени во опрема 1.488.887,00денари ;приходи од вредносно усогласување на транспортни средства 1.190.720,00; приходи од наплата на судски трошоци 186.261,00 приходи од наплата на штети 97.367,00 како и други вонредни приходи на износ од 15.879,00 денари .

**ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ**

Во оваа група спаѓаат приходите по основ камата, позитивни курсни ралики и слично.Во оваа група приходи од камата од тужени побарувања евидентираме на износ 215.987,00 денари.

**РАСХОДИ**

Расходите заклучно 30.09.2018 год.се на износ 126.947.422,00 ден.

**ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ**

Во првата група трошоци -трошоци за суровини и материјали спаѓаат следните трошоци: потрошни-помошни материјали и средства за чистење, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија , чип и греб картички, електрична енергија и гориво, инвентар , автогуми и ХТЗ опрема.Оваа група на трошоци спредена со минатат година бележи пораст за 1.631.121,00 денари.

Кај дел од горенаведените троошоци бележиме одредени заштеди како резултат на што имаме пад на трошоците за потрошните материјали и средствата за чистење, топлотна енергија односно парно, канцелариските материјали. Порст бележиме кај трошокот за гориво како и на трошокот за ХТЗ опрема која беше набавена во текот на првото тромесечие од годината за што информиравме во претходните квартални извештаи.

**ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ**

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошокот за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации,понатаму трошоците за тековно одржување на материјалните и нематеријалните основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, закуп, комуналните услуги,транспорт на пари,администрирање на системот за зонско паркирање како и трошокот за времените вработувања .
Збирно кај оваа група на трошоци бележиме пораст на трошоците за 3.122.584,00 денари во споредбасо минатата година.

Дел од трошоците се речиси на исто ниво како и минатата година како на пример телефонски , поштенски трошоци, трошоци за радиофрекфенции, регистрација на возила.Особено бележиме пад на трошокот на вода кој минатата година исклучително отстапуваше односно беше поголем како резултат на низа дефекти во водоводната мрежа поврзани со катните гаражи. Кај останатите трошоци во рамките на групата бележиме порст како што е трошокот за времени вработувања од причина оваа година бројот на лицата ангажирани преку агенција за времени вработувања е поголем. Со месец септември ангажирани се 18 лица. Како резултат на поголем промет кај зонското паркирање зголемени се и трошоците за администрирање на системот за зонско паркирање а зголемен пораст имаме и на трошокот за одржување на основни средства и тоа како на паркинг системите така и на опремата -машини за чистење на катнте гаражи,возила итн.

## ПЛАТА,НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ

Трошокот за плати изнесува 76.653.741,00 денари и е речиси незначително помал во спредба со ланската година односно за 303.620,00 денари. Сметаме дека во најголем дел падот на трошокот се должи на трендот на користење на неплатено отсуство на вработените .

Во претпријатието исплатени се 9 јубилејни награди во висина од 29.997,00 денари на вработени кои имале 10 години непрекинат стаж во претпријатието што е услов за остварување на правото на јубилејна награда.Исто така за заминување во пензија на двајца вработени им е исплатена отпремнина во вкупен износ од 97.526,00 денари.

## АМОРТИЗАЦИЈА

Трошокот за амортизација изнесува 7.580.110,00 денари.

## ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ

Во групата спаѓаат следните трошоци: дневници и патни трошоци за службени патувања ,трошоци за користење сопствено возило за службени цели, семинари и обуки на вработените, надоместоци на органите на управување, донации, репрезентација, осигурување, интелектуални услуги,банкарски провизии, трошок за ДДВ, договор на дело,интелектуални усуги, судски и административни такси, трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија итн.

Ако се спореди со минатата година се забележува пораст на трошоците за 1.258.171,00 денари. Меѓутоа во оваа група речиси сите трошоци се помали или на исто ниво од минатат година .Порастот на трошокот е резултат на евиденција на донацијата на специјалните пајак возила на износ од 1.358.500,00 денари.

## ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Заклучно 30.09.2018 година претпријатието бележи трошоци на износ од 23.790,00 денари за тужени побарувања.

## ОСТАНАТИ РАСХОДИ

Во оваа група евидентирани се трошоци во вкупен износ од 60.798,00 денари и истите се однесуваат на одобренија по рекламации .

## ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Во рамките на финансиски расходи трошокот за казнена камата е на износ 6.015,00 и се однесува за задоцнето плаќање на сметки за вода, стрја,телефон и други обврски претежно заради задоцнето добивање на документите. Во оваа група бележиме и негативни курсни разлики на износ од 297,00 денари како резултат на плаќање на обврски кон странски добавувач .

# 3. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 30.09.2018 ГОД.

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 30.09.2018 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 45.245.112,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.
Веќе известивме дека е извршена адаптација со комплетно опремување на деловни простории на два ката во катната гаража Тодор Александров за што се потрошени 775.505,00 денари со вклучен ДДВ.
Во месец јули реализирани се капитални инвестиции на износ од 13.500.000,00 денари со набавка на две нови специјлани возила и тоа едно специјално пајак возило и едно шлеп возило во функција на дејноста на претпријатието како и збогатување на услугите на претпријатието.

## ЗАЛИХИ

Вредноста на залихите изнесува 1.999.277,00 денари.
Од нив 925.289,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: ад блу течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци ,чип и греб картички, рибони,репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 366.022,00 денари се состои од залиха на паркинг клешти и блокатори за потребите на зонското паркирање, канцелариски мебел, велосипеди,батерии за мотороли исл.

ХТЗ опрема имаме на залиха во вредност од 605.020,00 денари истата се состои од пантолони, поло маици , одела за дожд, ракавици, јакни, чевли, чизми итн.

Автогуми на залиха за специјални пајак возила во вредност од 102.946,00 денари.

## ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.09.2018 како и девизната сметка ,благајна и виза картичка изнесува 37.885.549,00 денари.

Побарувања од купувачи изнесуваат 14.979.323,00 денари чија наплата се врши тековно во наредните периоди.

Тужени побарувања имаме на износ 3.298.323,00 денари .Истите во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.
Евидентирани се и побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 1.038.216,00 денари.
Побарувањата од вработените се на износ 151.062,00 денари и се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи, надминати телефонски лимити на службени телефони, штети од невнимателно ракување со опрема, кусок по попис итн.
Побарувања од осигурителни компании по основ шета евидентираме износ од 30.228,00 денари.
Побарувања од кредитни - дебитни картички на износ 66.453,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 759.244,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди.Во најголем дел станува збор за трошоци за платени такси на нотари и извршители 483.703,00 денари, трошоци за осигурување 136.077,00 , 113.328,00 се трошоци за софтверски лиценци 12.626,00 денари се трошоци за чип картички, 4.167,00 претплати за стручни весници и списанија итн.

## ОБВРСКИ

Претпријатието нема долгорочни обврски.
По основ краткорочни обврски претпријатието должи севкупно 33.127.490,00 денари. Од овој износ како повисоки ќе ги издвоиме: обврските кон

добавувачите на износ 9.973.443,00 денари,обврската за плати на вработените на износ 8.731.869,00 ден.,обврската за комунална такса кон Град Скопје на износ 10.959.776,00 денари итн.Претпријатието ги подмирува обврските тековно во наредниот пресметковен период . Исто така навремено се исплатуваат оврските за плати кон вработените.

## ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Износот на оваа категорија е 15.397.037,00 денари.Во најголем дел во оваа категорија се јавуваат плаќања за услуга за паркирање кои се однесуваат за наредниот пресметковен период каде бележиме износ од 1.392.316,00 денари . По основ на субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари наменски за набавка на опрема белжиме износ од 13.458.480,00 денари .

## ЗАКЛУЧОК

Во третиот квартал од годината работи се работи со позитивен финансиски резултат - добивка на износ од 19.322.160,00 денари .

Сметаме дека во претпријатието се работи домаќински и посветено за што видно покажуваат и финансиските показатели презентирани во извештајот.

Високата добивка е резултат на финансиска поддршка од 15.000.000,00 ден. што претпријатието ја доби од основачот. Претпријатието субвенциите ги искористи за плаќање на обврската за комунална такса за период месец 03/2016-12/2017 година на износ 16.247.513,00 денари.

Очекуваме претпријатието да го задржи трендот на остварување на позитивни резултати во работењето до крајот на годината.

Изработил:
Катерина Палитова

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- Скопје

Директор
М-р Борче Јакимовски

**БИЛАНС НА УСПЕХ за период од**
**01 јануари до 30 септември 2018 година**

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2018 година | | 2017 година |
|---|---|---|---|
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 109.489.378,00 | | 102.610.876,00 |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 18.388.289,00 | | 15.852.323,00 |
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА РАСХОД | 4.503,00 | | 0,00 |
| ПРИХОДИ ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ | 0,00 | | 9.035,00 |
| ПРИХОДИ ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ | 0,00 | | 0,00 |
| ПРИХОДИ ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОМОБИЛИ | 0,00 | | 42.331,00 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 18.171.425,00 | | 20.188.894,00 |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 215.987,00 | | 477.651,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **146.269.582,00** | | **139.181.110,00** |
| **РАСХОДИ – кл.4** | | | |
| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 9.588.051,00 | | 7.956.930,00 |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 26.397.892,00 | | 23.275.308,00 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И | | | |
| ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 76.781.264,00 | | 77.155.464,00 |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 7.580.110,00 | | 8.535.200,00 |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 6.509.205,00 | | 5.251.034,00 |
| ВРЕДН.УСОГЛАС. НА НЕТЕК. И ТЕКОВ.СРЕДСТВА | 23.790,00 | | 0,00 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 60.798,00 | | 1.622.113,00 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 6.312,00 | | 25.243,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **126.947.422,00** | | **123.821.292,00** |

| **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ВТОР КВАРТАЛ** | **2018 година** | **2017 година** |
|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | **146.269.582,00** | **139.181.110,00** |
| **Вкупно расходи** | **126.947.422,00** | **123.821.292,00** |
| **Добивка** | **19.322.160,00** | **15.359.818,00** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА за период од**
**01 јануари до 30 септември 2018 година**

| **АКТИВА** | 2018 година | 2017 година |
|---|---|---|
| | | |
| 1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 45.245.112,00 | 41.315.508,00 |
| кл.00 | | |
| | | |
| 2.ЗАЛИХИ | | |
| кл.3 | 1.999.277,00 | 3.010.640,00 |
| 3. ОБРТНИ СРЕДСТВА | 54.786.013,00 | 36.988.318,00 |
| кл.1 | | |
| | | |
| 4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 759.244,00 | 600.716,00 |
| кл.1 гр.19 | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **102.789.646,00** | **81.915.182,00** |
| | | |
| **ПАСИВА** | | |
| 1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | | |
| Државен јавен капитал | 153.052,00 | 153.052,00 |
| Останат капитал | 0,00 | 0,00 |
| | | |
| 2.Законски резерви | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| 3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години | 34.774.602,00 | 21.827.676,00 |
| | | |
| 4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА за трет квартал | 19.322.160,00 | 15.359.818,00 |
| | | |
| 5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 33.127.490,00 | 27.505.686,00 |
| кл.2 | | |
| 6.Одложени плаќање на приходи и расходи | 15.397.037,00 | 17.053.645,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **102.789.646,00** | **81.915.182,00** |